# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# УПРАВЕН СУД

## И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТА НА УПРАВЕН СУД ЗА 2019 ГОДИНА

---

**Скопје, февруари 2020 година**

## Содржина


***1. Предметно работење на ниво на суд*** ........................................................ ***4***

**1.1 Годишен извештај за 2019 за работата на Управен суд** ...................................... **4**

***2. Судска управа*** .................................................................................... ***5***

***3. Квалитет на предмети на ниво на суд*** ........................................................ ***5***

***4. Предметно работење на ниво на оддел*** ...................................................... ***6***

**4.1. Состојба со предметите во одделот за имотно – правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права.....**.......6

4.1.1 Состојба со предметите од имотно – правната област и други права ............................6

4.1.2 Состојба со предметите во одделот за денационализација и други права *и состојба со предметите* од областа на урбанизмот, градежништвото и други сродни права.......................................................................................................................7

**4.2 Состојба со предмети во одделот на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права, царини и други сродни права ... 7**

4.2.1 Состојба со предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права..................................................................7

4.2.2 Состојба со предметите од одбласта на царините и други сродни права .......................8

**4.3 Состојба со предмети во одделот за јавни набавки и други сродни права ...... 8**

***5. Квалитет на предмети на ниво на оддел*** ..................................................... ***9***

**5.1 Оддел за имотно – правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права**..................................................................9

5.1.1 Предмети од имотно – правната област и други сродни права .......................................9

5.1.2 Предмети од областа на денационализација и други права *и состојба со предметите* од областа на урбанизмот, градежништвото и други сродни права ........................................9

**5.2 Оддел на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права, царини и други сродни права** ........................................................ **10**

5.2.1 Предмети од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права .........................................................................10

5.2.2 Предмети од областа на царините и други сродни права ............................................10

**5.3 Оддел за јавни набавки и други сродни права** .................................................. **10**

***6. Состојба со стари предмети во 2019 година*** ............................................. ***11***

***7. Кратки констанци за просторните капацитети, информатичката технологија и човечките ресурси*** ...................................................................... ***12***

**7.1 Услови за работа од гледна точка на човечки ресурси** .................................... **12**

**7.2 Опременост и одржување на зградата на Судот** ............................................ **15**

**7.3 Состојба и активности во делот на информатичката технологија** .................. **17**

**7.4 Односи со јавност** ........................................................................................ **18**

**7.5 Јавни набавки** ............................................................................................. **20**

*8. Оддел за судска пракса......................................................................................21*

*9. Дополнителни статистички податоци, податоци од спроведени контроли во писарницата на Управен суд како и вонредно изготвени информации за состојбата во судот во текот на годината......................23*

9.1 Архивирани предмети по уписник и по година на архивирање.......................23

9.2 Состојба на предмети по жалба кои не се доставени до Виш управен суд....23

9.3 Состојба на обжалени предмети и доставени жалби до надлежен суд...........24

9.4 Време потребно за експедиција на пресуда на Управен суд по верификација25

*10. Присуство и вклученост во наставни трибини и настани на претседателот а судот.........................................................................................25*

## 1. Предметно работење на ниво на суд

### 1.1. Годишен извештај за 2019 за работата на Управен суд

Врз основа на генерирани статистички податоци од информацискиот системот за автоматско управување со судски предметите добиени се податоците кои се содржани во Табела 1. и тоа поделени по уписник.

| **Област** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | **Управни спорови, управна област и управни прекршоци** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно заведени** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| **У - 1** | 535 | 566 | 29 | 3 | 1127 | 904 | 223 |
| **У - 2** | 1229 | 958 | 50 | 3 | 2234 | 948 | 1286 |
| **У - 3** | 308 | 748 | 24 | 8 | 1072 | 700 | 372 |
| **У - 4** | 585 | 896 | 11 | 5 | 1487 | 965 | 522 |
| **У - 5** | 1946 | 2060 | 69 | 11 | 4064 | 2354 | 1710 |
| **У - 6** | 1123 | 887 | 37 | 1 | 2046 | 1452 | 594 |
| **УРП** | 38 | 34 | 11 | 13 | 70 | 59 | 11 |
| **УИ** | 17 | 34 | 8 | 1 | 58 | 41 | 17 |
| **УСПИ** | 36 | 18 | 3 | 0 | 57 | 45 | 12 |
| **УПР** | 206 | 474 | 20 | 3 | 697 | 485 | 212 |
| **УПРЦ** | 71 | 68 | 7 | 0 | 146 | 101 | 45 |
| **УПРД** | 12 | 43 | 6 | 1 | 60 | 34 | 26 |
| **УПРК** | 14 | 3 | 0 | 0 | 17 | 9 | 8 |
| **Вкупно - вид на предмет** | 6120 | 6789 | 275 | 49 | 13135 | 8097 | 5038 |
| **Вкупно - област** | 6120 | 6789 | 275 | 49 | 13135 | 8097 | 5038 |

**Табела 1**

На почетокот на 2019 година останати нерешени предмети од претходната година се 6120 предмети вкупно за сите уписници. Во текот на 2019 година новопримени се 6789 предмети додека повторно заведени се 275 предмети по различни основи. Од овде произлегува дека вкупно во работа во 2019 година биле 13135 предмети земајќи ги предвид и 49 предмети кои добиле статус на погрешно заведени. Со оглед на фактот дека во 2019 година решени се 8097 предмети, на крај на годината вкупниот број на остаток на нерешени предмети е 5038 предмети. Од овде произлегува дека во 2019 година приливот на решени во однос на новопримените и повторно заведените предмети е за 14.6 % совладан.

## 2. Судска управа

| Област | Судска управа и претставки и поплаки | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на предмет | Судска управа и претставки и поплаки | | | | | |
| Подвид на предмет | Нерешени | Новопримени и повторно заведени | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
| СУ | 15 | 2241 | 0 | 0 | 2256 | 2243 | 13 |
| СУ-ДОВ | 0 | 9 | 0 | 0 | 9 | 9 | 0 |
| СПИ | 16 | 38 | 0 | 0 | 54 | 34 | 20 |
| УПП | 35 | 745 | 0 | 0 | 780 | 779 | 1 |
| Вкупно - вид на предмет | 66 | 3033 | 0 | 0 | 3099 | 3065 | 34 |
| **Вкупно - област** | **66** | **3033** | **0** | **0** | **3099** | **3065** | **34** |

**Табела 2**

Во анализираниот период, од предметите што се однесуваат на судската управа, примени се 2241 предмети, евидентирани во уписниците „СУ“, „СУ-01“, „СУ-02“, „СУ-03“, „СУ-04“, „СУ-05“, „СУ-07“, „СУ-ИЗЗ“, „СУ-СТР-ДОВ“, додека 9 предмети од уписникот „СУ-ДОВ“ , решени се 2243 предмети, имајќи го предвид и остатокот од претходната година, а на крајот на 2019 година останале нерешени 13 предмети. Во уписникот „УПП“ се евидентирани 745 новопримени предмети, решени се 779 предмети, имајќи го предвид и остатокот од претходната година, а на крајот на 2019 година останал 1 нерешен предмет, додека во уписникот „СПИ“ се евидентирани 38 новопримени предмети, решени се 34 предмети, имајќи го предвид и остатокот од претходната година, а на крајот на годината останале 20 нерешени предмети како што е прикажано погоре во табела 2.

## 3. Квалитет на предметите на ниво на суд

Во 2019 година од Вишиот управен суд примени се вкупно 3679 предмети по кои е донесена одлука по жалба, од кои 2609 потврдени одлуки, 565 преиначени, 254 укинати, 1 делумно укинат, 245 отфрлени како и 5 одлуки со одлука друго што може да се види во табелата 3.

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 3679 | |
| Потврдени | 2609 | 70,9% |
| Преиначени | 565 | 15,4% |
| Укинати | 254 | 6,9% |
| Делумно укинати | 1 | 0,03% |
| Отфрлени | 245 | 6,6% |
| Друго | 5 | 0,1% |

**Табела 3**

## 4. Предметно работење на ниво на оддел

### 4.1. Состојба со предметите во одделот за имотно – правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права

Во рамките на овој оддел се формираат 3 (три) совети, и тоа: еден совет кој постапува и одлучува по предмети од имотно-правна област и други сродни права и два совета кои постапуваат и одлучуваат по предмети од областа на денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права

#### *4.1.1. Состојба со предметите од имотно – правната област и други сродни права*

| УПИСНИК | Нерешени предмети на почеток на година | Новопримени предмети во 2019 година | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток нерешени предмети на крај на година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови од имотно правна област и други права **"У-1"** | 535 | 566 | 29 | 3 | 1127 | 904 | 223 |
| Разни управни предмети **"УРП"** | 3 | 0 | 0 | 0 | 3 | 2 | 1 |
| Барање за заштита на основни слободи и права **"УСПИ"** | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| Барање за извршување на пресуда **"УИ"** | **1** | **5** | **0** | **0** | **6** | **5** | **1** |
| Управни прекршоци-разни **"УПР"** | 9 | 54 | 0 | 0 | 63 | 48 | 15 |
| Управни прекршоци-конкуренција **"УПРК"** | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 |
| ВКУПНО | 551 | 626 | 29 | 3 | 1203 | 962 | 241 |

**Табела 4**

### *4.1.2.* . Состојба со предметите во одделот за денационализација и други права *и состојба со предметите од областа на урбанизмот, градежништвото и други сродни права*

| УПИСНИК | Нерешени предмети на почеток на година | Новопримени предмети во 2019 година | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток нерешени предмети на крај на година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови од областа на урабнизам, градежништво и други права **"У-3"** | 1229 | 958 | 50 | 3 | 2234 | 948 | 1286 |
| Управни спорови од денационализација и други права **"У-2"** | 308 | 748 | 24 | 8 | 1072 | 700 | 372 |
| Разни управни предмети **"УРП"** | 12 | 6 | 2 | 4 | 16 | 16 | 0 |
| Барање за заштита на основни слободи и права **"УСПИ"** | 9 | 0 | 1 | 0 | 9 | 8 | 1 |
| Барање за извршување на пресуда **"УИ"** | 2 | 7 | 3 | 0 | 12 | 9 | 3 |
| Управни прекршоци-разни **"УПР"** | 36 | 103 | 8 | 0 | 147 | 124 | 23 |
| Управни прекршоци-конкуренција **"УПРК"** | 3 | 0 | | 0 | 3 | 3 | 0 |
| ВКУПНО | 1599 | 1822 | 88 | 15 | 3493 | 1808 | 1685 |

**Табела 5**

## 4.2. Состојба со предметите во одделот за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права, царини *и други сродни права*

Во овој оддел функционираат два совета, од кои едниот е надлежен за предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други права, а другиот за предметите од областа на царините и други права.

### *4.2.1. Состојба со предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права*

| УПИСНИК | Нерешени предмети на почеток на година | Новопримен и предмети во 2019 година | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток нерешени предмети на крај на година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови од областа на пензиите, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права **"У-4"** | 585 | 896 | 11 | 5 | 1487 | 965 | 522 |
| Разни управни предмети **"УРП"** | 6 | 11 | 0 | 4 | 13 | 6 | 7 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Барање за заштита на основни слободи и права **"УСПИ"** | 5 | 7 | 0 | 0 | 13 | 8 | 5 |
| Барање за извршување на пресуда **"УИ"** | 11 | 17 | 5 | 1 | 32 | 23 | 9 |
| Управни прекршоци-разни **"УПР"** | 37 | 79 | 0 | 0 | 116 | 84 | 32 |
| ВКУПНО | 644 | 1010 | 16 | 10 | 1661 | 1086 | 575 |

**Табела 6**

## *4.3.2.Состојба со предметите од областа на царините и други сродни права*

| УПИСНИК | Нерешени предмети на почеток на година | Новопримени предмети во 2019 година | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток нерешени предмети на крај на година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови од областа на царина и други права **"У-6"** | 1123 | 887 | 37 | 1 | 2046 | 1452 | 594 |
| Разни управни предмети **"УРП"** | 4 | 15 | 2 | 5 | 16 | 15 | 1 |
| Барање за заштита на основни слободи и права **"УСПИ"** | 12 | 9 | 2 | 0 | 23 | 18 | 5 |
| Барање за извршување на пресуда **"УИ"** | **1** | **0** | **0** | **0** | **1** | **1** | **0** |
| Управни прекршоци-разни **"УПР"** | 54 | 106 | 6 | 1 | 165 | 107 | 58 |
| Управни прекршоци-царина **"УПРЦ"** | 71 | 68 | 7 | 0 | 146 | 101 | 45 |
| Управни прекршоци-конкуренција **"УПРК"** | 6 | 2 | | 0 | 8 | 3 | 5 |
| ВКУПНО | 1271 | 1087 | 54 | 7 | 2405 | 1697 | 708 |

**Табела 7**

## 4.3. Состојба со предметите во одделот за јавни набавки *и други сродни права*

| УПИСНИК | Нерешени предмети на почеток на година | Новопримени предмети во 2019 година | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток нерешени предмети на крај на година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови од областа на даноци и други права **"У-5"** | 1946 | 2060 | 69 | 11 | 4064 | 2354 | 1710 |
| Разни управни предмети **"УРП"** | 13 | 2 | 7 | 0 | 22 | 20 | 2 |
| Барање за заштита на основни слободи и права **"УСПИ"** | 9 | 1 | 0 | 0 | 10 | 9 | 1 |
| Барање за извршување на пресуда **"УИ"** | 2 | 5 | 0 | 0 | 7 | 3 | 4 |
| Управни прекршоци-разни **"УПР"** | 70 | 132 | 6 | 2 | 206 | 122 | 84 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни прекршоци-даноци "УПРД" | 12 | 43 | 6 | 1 | 60 | 34 | 26 |
| Управни прекршоци-конкуренција "УПРК" | 3 | 1 | 0 | 0 | 4 | 2 | 2 |
| ВКУПНО | 2055 | 2244 | 88 | 14 | 4373 | 2544 | 1829 |

**Табела 8**

## 5. Квалитет на предмети на ниво на оддел

Во 2019 година, во Управен суд се поднесени 3066 жалби, а од Вишиот управен суд, со второстепени одлуки се вратени 3679 предмети.

Состојбата со примени предмети со второстепени одлуки од Вишиот управен суд, табеларно на ниво на оддели е прикажана во следните табели:

### 5.1. Оддел за имотно – правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права

#### *5.1.1. Предмети од имотно – правната област и други сродни права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 564 | |
| Потврдени | 432 | 76,60 |
| Преиначени | 53 | 9,40 |
| Укинати | 35 | 6,21 |
| Делумно укинати | 0 | 0 |
| Отфрлени | 44 | 7,80 |
| Друго | 0 | 0,00 |

**Табела 9**

#### *5.1.2.* Оддел за денационализација и други права *и предмети од областа на урбанизмот, градежништвото и други сродни права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 1062 | |
| Потврдени | 733 | 69,02 |
| Преиначени | 183 | 17,23 |
| Укинати | 78 | 7,34 |
| Делумно укинати | 1 | 0,09 |
| Отфрлени | 64 | 6,03 |
| Друго | 3 | 0,28 |

**Табела 10**

## 5.2. Оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права, царини и други права

### *5.2.1. Предмети од областа на пензиите и правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 374 | |
| Потврдени | 276 | 73,80 |
| Преиначени | 43 | 11,50 |
| Укинати | 15 | 4,01 |
| Делумно укинати | 0 | 0 |
| Отфрлени | 39 | 10,43 |
| Друго | 1 | 0,27 |

**Табела 11**

### *5.2.2. Предмети од областа на царините и други сродни права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 832 | |
| Потврдени | 644 | 77,40 |
| Преиначени | 118 | 14,18 |
| Укинати | 51 | 6,13 |
| Делумно укинати | 0 | 0 |
| Отфрлени | 19 | 2,28 |
| Друго | 0 | 0,00 |

**Табела 12**

## 5.3. Оддел за јавни набавки *и други сродни права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 847 | |
| Потврдени | 524 | 61,87 |
| Преиначени | 168 | 19,83 |
| Укинати | 75 | 8,85 |
| Делумно укинати | | 0,00 |
| Отфрлени | 79 | 9,33 |
| Друго | 1 | 0,12 |

**Табела 13**

## 6. Состојба со стари предмети во 2019 година

| УПИСНИК | Нерешени предмети на почеток на година | Предмети што добиле статус на стари | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Остаток стари нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови од имотно - правна област и други права "**У-1**" | 4 | 21 | 25 | 17 | 8 |
| Управни спорови од денационализација и други права "**У-2**" | 16 | 64 | 80 | 73 | 7 |
| Управни спорови од урбанизам, градежништво и други права "**У-3**" | 3 | 5 | 8 | 8 | 0 |
| Управни спорови од пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права "**У-4**" | 5 | 27 | 32 | 21 | 11 |
| Управни спорови од јавни набавки и други права "**У-5**" | 20 | 51 | 71 | 68 | 3 |
| Управни спорови од царина и други права "**У-6**" | 59 | 46 | 105 | 100 | 5 |
| Разни управни предмети "**УРП**" | 0 | 2 | 2 | 1 | 1 |
| Барање за заштита на основни слободи и права "**УСПИ**" | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Барање за извршување на пресуда "**УИ**" | 2 | 3 | 5 | 4 | 1 |
| Прекршоци "**УПР**" | 8 | 27 | 35 | 34 | 1 |
| Прекршоци "**УПРД**" | 0 | 4 | 4 | 4 | 0 |
| Прекршоци "**УПРЦ**" | 6 | 7 | 13 | 13 | 0 |
| Прекршоци "**УПРК**" | 2 | 1 | 3 | 3 | 0 |
| Вкупно | 125 | 258 | 383 | 346 | 37 |

**Табела 14**

## 7. Кратки констанци за прсторните капацитети, информатичката технологијаа и човечки ресурси

### *7.1. Услови за работа од гледна точка на човечки ресурси*

Имено, во текот на 2019 година, во Управниот суд се пополнети вкупно 32 судиски места вклучувајќи го и Претседателот на судот, од вкупно предвидените 33 судиски места, вклучувајќи го и Претседател на суд, согласно Одлуката на Судски совет на Република Северна Македонија. Имено, во текот на месец јули 2019 година, на еден од судиите на кого му мируваше функцијата судија на Управен суд поради што беше избран за Претседател на Виш Управен суд, истиот продолжи да ја извршува судиската функција судија на Управниот суд, а на крајот на месец декември 2019 година, на еден од судиите на кого му мируваше функција судија на Управен суд поради што беше избран за член на Судски совет, истиот продолжи да ја извршува функцијата судија на Управен суд, додека на еден судија му мирува функцијата судија во Управен суд, од причина што е избран за Претседател на Виш Управен суд.

Во текот на месец јуни 2019 година, врз основа на Решението бр.08-4/9 од 11.06.2019 година на Судски совет на Република Северна Македонија, еден судија на Управен суд, времено се оддалечува од вршење на судиската функција, до правосилно завршување на кривичната постапка.

Во текот на месец јули 2019 година, со Решение на Судски совет на Република Северна Македонија бр.02-1208/1 од 12.07.2019 година, со кое се става вон сила Решението за мирување на судиската функција на судија на Управен суд, бр.02-1253/1 од 15.07.2015 година, еден судија сметано од 11.07.2019 година продолжува да ја извршува судиската функција судија на Управниот суд.

Во текот на месец ноември 2019 година, со Одлука за избор на претседател на Виш управен суд бр.08-1598/1 од 03.10.2019 година и Решение за мирување на судиска функција бр.02-1826/1 од 12.11.2019 година, двете на Судски совет на Република Северна Македонија, на еден судија му е утврдено мирување на неговата судиска функција во овој суд поради избор за претседател на Виш управен суд, до истекот од мандатот за кој е избрана за претседател на Виш управен суд.

На крајот на месец декември 2019 година, со Решение на Судски совет на Република Северна Македонија бр.02-2067/3 од 19.12.2019 година, со кое се става вон сила Решението за мирување на судиската функција на, судија на Управен суд, бр.07-2220/1 од 30.12.2019 година, еден судија сметано од 27.12.2019 година продолжува да ја извршува судиската функција судија на Управниот суд.

На крајот на месец декември 2019 година, се избрани 2 (двајца) судии на Управниот суд, врз основа на Одлуката за избор на судија на Управен суд Бр.08-1599/1 од 03.10.2019 година и Одлуката за избор на судија на Управен суд Бр.08-1600/1 од 03.10.2019 година, двете донесени од Судски совет на Република Северна Македонија.

Во Правилникот за систематизација на работните места во Управен суд, заклучно со 31.12.2019 година, беа предвидени вкупно 149 работни места, од кои

што 72 беа пополнети, а 77 непополнети. Имено, со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Управен суд, 04.бр.0101-18/15 од 27.01.2015 година и Правилник за дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Управен суд Су-04.бр.0101-390/15 од 30.09.2015 година, заведен под Су-04.бр.0101-435/18 од 19.09.2018 година, се изврши менување и дополнување во членот 27 став 3, во делот на бројот на извршители за работното место *помлад судски соработник, ниво В4, Категорија В,* така што наместо „Број на извршители 10“,стои „Број на извршители 15“, како и во членот 32 став 3, во делот на бројот на извршители за работното место *помлад судски референт – извршител во писарница, ниво Г4, Категорија Г,* така што наместо „Број на извршители 15“,стои „Број на извршители 25.

На почетокот на месец февруари 2019 година, Управниот суд, во постапка за вработување без јавен оглас преку трајно превземање, спроведе вработување на 2 (двајца) стручни судски службеници и тоа еден судски советник од Министерство за здравство и еден помлад судски соработник од Агенција за акредитација на квалитет на храна.

Во текот на месец мај 2019 година, Управниот суд, во постапка за вработување без јавен оглас преку трајно превземање, спроведе вработување на 1 (еден) помошно-судски службеник во писарница на судот, и тоа виш судски референт-извршител во писарница од Основен суд Куманово.

Во текот на месец јули 2019 година, Управниот суд, во постапка за вработување по јавен оглас, спроведе вработување на 3 (тројца) судски службеници, и тоа 2 (двајца) стручни судски службеници со звање виш судски соработник и судски соработник, како и 1 (еден) помошо-стручен судски службеник, со звање виш судски референт-извршител во писарница.

Во текот на месец септември 2019 година, Управниот суд, во постапка за вработување по јавен оглас, спроведе вработување на 4 (четворица) судски службеници, и тоа 3 (тројца) стручни судски службеници со звање: виш судски соработник, помлад судски соработник и судски советник, како и 1 (еден) помошо-стручен судски службеник, со звање помлад судски референт-извршител во писарница.

Во текот на месец ноември 2019 година, Управниот суд, во постапка за вработување без јавен оглас преку трајно превземање, спроведе вработување на 1 (еден) припадник на судска полиција од Основен граѓански суд Скопје.

Во текот на месец декември 2019 година, Управниот суд, во постапка за вработување по јавен оглас, спроведе вработување на 1 (еден) помошно-судски службеник со звање самостоен судски референт-сметководител.

Во текот на 2019 година, на еден судски службеник му престана работниот однос во Управен суд поради исполнување на услови за старосна пензија, и тоа: еден виш судски референт-извршител во писарница.

Во текот на 2019 година, на 6 (шест) лица, со кои беше склучен договор за вработување на определено време (заклучно со 31.12.2019 година), им престана работниот однос во Управен, и тоа: на еден виш судски соработник му престана работниот однос на ден 02.07.2019 година, на еден судски соработник му престана работниот однос на ден 02.07.2019 година, на еден помлад судски соработник му престана работниот однос на 04.09.2019 година, на еден судски референт (доставувач) му престана работниот однос на ден 04.09.2019 година, на еден помлад судски референт (извршител во писарница) му престана

работниот однос на ден 02.07.2019 година и на возачот му престана работниот однос на ден 31.08.2019 година.

Заклучно со 31 декември 2019 година, во овој суд беа вработени вкупно 72 лица во рамките на судската служба, вклучувајќи ги и судските службеници вработени на определено време (заклучно со 31.12.2019 година), и тоа:

– 1 (еден ) судски службеник од категоријата раководни судски службеници и тоа раководител на одделение за човечки ресурси;

– 31 судски службеник од категоријата стручни судски службеници, од кои 3 (три) судски советници, 10 (десет) виши судски соработници, 6 (шест) судски соработници, 10 (десет) помлади судски соработници и 2 (два) советници – информатичари;

– 34 судски службеници од категоријата помошно-стручни судски службеници, од кои 1 (еден) самостоен судски референт – водител на писарница, 1 (еден) самостоен судски референт за прием и експедиција на пошта, 1 (еден) самостоен референт-сметководител, 5 (пет) виши судски референти – извршители во писарница, 5 (пет) виши судски референти за обработка на документација – дактилографи, 1 (еден) судски референт за обработка на документација – дактилограф, 1 (еден) виш судски референт – архивар, 1 (еден) виш судски референт – благајник, 1 (еден) судски референт – доставувач и 17 помлади судски референти – извршители во писарница;

– 2 (две) вработени лица кои вршат технички и помошни работи - оператор на телефонска централа и хигиеничар;

– 4 (четири) припадници на судска полиција.

Имајќи ја предвид ваквата состојба може да се забележи дека во 2019 година бројот на вработените во судската служба е зголемен за 4 (четири) лица, споредбено со 2018 година, меѓутоа со оглед на вкупниот број предмети што се во работа во овој суд, како и континуираното зголемување на бројот на новопримените предмети, констатација е дека бројот на вработените судски службеници од сите законски предвидени категории, се уште не е недоволен за совладување на обемот на работата, а кое нешто се одразува на целокупното работење на Судот.

Наведената состојба од гледна точка на човечки ресурси е присутна подолг период во овој суд, бидејќи половина работни места предвидени со Правилникот за систематизација на работните места во Управен суд се непополнети, што доведува до застој во движењето на предметите и пречекорување на роковите за определени постапувања.

Заради разрешување на претходно констатираната состојба, во текот на 2019 година, врз основа на добиена согласност од Судски буџетски совет беше реализирано пополнување на непополнетите работни места во Судот, со судски службеници од сите категории, со обезбедување на средства за Управниот суд за нови вработувања или со спроведување на постапка за спогодбено преземање на судски службеници од други судови.

Во врска со ова, согласно Законот за судска служба, во 2019 година беше донесен и Годишен план за вработување во Управен суд за 2020 година Су-01.бр.0102-11/19 од 28.02.2019 година и истиот беше доставен до Судскиот буџетски совет.

## 7.2. *Опременост и одржување на зградата на Судот*

Управниот суд своите активности од законски определениот делокруг, се уште ги остварува во деловните простории во објектот што се наоѓа на улица „Орце Николов“ б.б. во Скопје, што овој суд од неговото основање го користи врз основа на договор за закуп склучен во 2007 година, меѓу АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ во државна сопственост, како закуподавач и Министерството за правда како закупец.

Управниот суд, сите години наназад го има проблемот со состојбата на дотраеност на објектот, кој е континуиран и во текот на 2019 година, а речиси секојдневни се проблемите и дефектите на електричната инсталација на објектот, поради што честопати се случуваат дефекти и избивање на осигурачите на таблите за електрична енергија, а честопати осигурачите на таблите за електрична енергија се загреани и од истите се чувствува миризба на изгорено, поради што од превентивни причини, често пати се јавува потребата од исклучување на компјутерите и принтерите за да не настанат поголеми штети. Овој проблем е особено изразен во текот на зимскиот период од годината, бидејќи и системот за греење е со минимален капацитет, поради несоодветноста на грејните тела (фенкулери), така што е неопходно вклучување извесен број дополнителни уреди за греење, со што се оптоварува веќе дотраената електрична инсталација, поради што и на тој план континуирано се превземаат мерки заради елиминирање на евентуални несакани последици, а кои мерки уште повеќе не овозможуваат нормални услови за вработените во овој суд.

Во поглед на состојбата на објектот, треба да се напомене дека во текот на 2019 година, се направија напори да сите канцеларии и простории во судот, кои беа неклиматизирани, да се опремат со клима уреди како би се подобриле условите за работа на вработените во овој суд, што во летниот период, кога температурите се многу високи, а објектот е од лимена конструкција, ги правеше уште по старашни и неподносливи.

Во поглед на состојбата на целосната односно над максимална искористеност на административните простори на објектот во кој функционира судот односно вработените во судот, треба да се истакне дека освен претседателите на советите на специјализираните оддели, другите судии работат во канцеларии со друг судија, односно во една канцеларија работат двајца судии, што и тоа како ја отежнува нивната работа. Во однос на писарницата на судот, состојбата е идентична односно само две писарници на специјализирани оддели имаат, посебни простории (канцеларии), додека другите 4 (четири) функционират и работат во две канцеларии од по 16 м2, во кои работа и по 5 (пет) судски службеници, со околу 10.000 предмети во работа, што предизвикува многу проблеми и многу отежнато работење на судските службеници, речиси невозможно функционирање на писарниците. Иста, или идентична е ситуацијата и со канцелариите во кои работат стручните судски службеници, односно во 3 (три) канцеларии работат 17 судски службеници, што е надвор од сите стандарди за нормално работење на службениците.

Во однос на административниот простор (објект), мора да се напомене дека со Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Управниот суд Бр.44-8928/1 од 25.09.2018 година донесена од Влада на Република Македонија, на Управниот суд му се дадени на трајно користење, без надомест, недвижни ствари-објекти кои се наоѓаат на улица „Даме Груев“ бр.28 на КП.бр.13479 за КО Центар 1 и Имотен лист бр.103028 КО Центар 1, сопственост

на Република Македонија. Во текот на 2019 година е спроведена постапка за внатрешна адаптација, реновирање и реконструкција на новиот објект, кој согласно делокругот на работа и надлежностите на Управен суд, неопходно е да ги исполнува сите предвидени и потребни услови за функционирање на судот.

По доделување на објектот, од страна на Управниот суд, уште во 2018 година, спроведена е постапка за јавна набавка на услуга - изработка на проектна документација, како и постапка за јавна набавка на услуга – ревизија на проектна документација. Проектот за внатрешна адаптација со реновирање на постоен објект – зграда и извештајот за техничка контрола – ревизија на основниот проект се изготвени и доставени до Управниот суд. По доставување на ревидираниот проект, спроведена е постапка за набавка на работи – реновирање со внатрешна адаптација, за која постапка се обезбедени средства во износ од 30.000.000,00 денари со решение бр.01-197/33 од 31.01.2019 година за обезбедување на средства за капитални расходи на единките корисници на Буџетот за судската власт за 2019 година, донесено од Судскиот Буџетски совет. Со оглед на тоа што најповолната понуда добиена во текот на постапката е со износ од 51.682.622,47 денари, со допис од 03.06.2019 година, Управен суд се обрати до Влада на Република Северна Македонија, со барање да се изнајде начин и да се вложат напори да се дообезбедат средства за целосно реализирање на рамковната спогодба. Од Влада на Република Северна Македонија, бевме известени дека има волја да се обезбедат средствата за целосна реализација на рамковната спогодба, но средствата ќе ни бидат доделени во моментот кога ќе се отпочне со градежните активности.

И покрај сите превземени дејствија од страна на Управен суд, за обезбедување на сите услови за реновирање на објектот и обезбедување на сите средства потребни за реновирање на објектот, Судот сеуште неможе да го добие во владение истиот, од причина што дел од службите на Министерството за транспорт и врски сеуште го користат објектот и неможе да се отпочне со градежни активности. Со допис, Управен суд, се обрати до Државното правобранителство да превземе конкретни мерки за иселување на Министерството за транспорт и врски, но во одговор бевме само известени дека наведеното Министерство сеуште не е преселено од причина што финансискиот и техничкиот дел од постапката за реконструкција и надградба на објектот на Министерството, кој се наоѓа на ул.Црвена Скопско Општина бр.4, е во завршна фаза и истите сеуште немаат одобрение за употреба на објектот. Други конкретни мерки од страна на Државното правобранителство не се превземени. Со ова се оневозможува извршување на градежно занаетчиски работи за реновирање и адаптација кои се неопходни со оглед на тоа што објектот е постара градба и во голема мера е аморитизиран.

Со дописи од 21.05.2019 година и 08.08.2019 година, Управниот суд се обрати и до Судски совет на Република Северна Македонија како и до Министертсвото за правда, со цел да се превземат соодветни активности за надминување на проблемот со кој се соочуваме. Воедно, Управниот суд, се обрати до сите релевантни институции со барање да се преземат конкретни мерки за иселување на Министерството за транспорт и врски и ослободување на објектот, односно да се изнајде начин за надминување на настанатата состојба, од причина што доколку тоа не се стори сериозно ќе се доведе во прашање примената на Законот за управни спорови („Службен весник на РСМ“ бр.96 од 17.05.2019 година), кој треба да почне да се применува од 25 мај 2020 година.

За безбедноста на вработените и странките, се грижат 4 (четири) припадници на судската полиција.

За одржување на хигиената, во периодот на кој што се однесува овој извештај, се грижи сервис чија дејност е одржување на хигиена - Друштво за услуги и трговија БИГОР КЛИНИНГ ДООЕЛ Скопје, кое друштво е избрано врз основа на спроведена јавна набавка со објавување на оглас за барање за прибирање на понуди во Електронскиот систем за јавни набавки, која постапка заврши со електронска аукција на која најниска цена понуди напреднаведената фирма.

### *7.3. Состојба и активности во делот на информатичката технологија*

Во текот на 2019 година, во одделението за информатика во Судот, се спроведуваа редовните активности поврзани со употребата на АКМИС-информацискиот систем за автоматско управување со предмети, односно редовното користење и внесување на точни податоци за нивна обработка, користење на истите за генерирање на различни статистички извештаи како месечни, квартални, годишни, како и други извештаи за потребите на Судот. Редовна техничка подршка за сметководствениот програм АБМС, одржување на хардвер, подесување на параметри за програми кои се веќе инсталирани, инсталирање на нови програми, грижа за безбедносно осигурување на системот, како и заштита на податоците на повеќе локации и медиуми.

Исто така спроведувана беше контрола на пристапот до компјутерската опрема и податоци, како и одржување на целата останата компјутерска опрема, пријавување на дефекти и планови за буџет за потребните материјали за функционирање на целокупниот систем. Остварени беа повремени обуки на вработените за користење, односно ракување со системот и програмите кои се во функција. Континуирано се објавуваа одлуки и други содржини на веб страницата на судот, како и во текот на целата година објавувани се огласи на огласната табла во Судот.

Во анализираниот период, нешречено функционира новиот систем за е-приемно, односно систем за скенирање на поднесоците примени во Судот и нивно електронско поврзување со соодветните предмети веќе евидентирани во АКМИС.

Управниот суд има потреба од вертикално поврзување со повисокиот суд кој одлучува по жалби како би се олеснила и подобрила работата како на првостепениот така и на второстепениот суд.

Во судот, исто така тековно се врши електронската достава на адвокатите кои се регистрирани на порталот за е-достава, меѓутоа Управниот суд се соочува со проблем во функционирањето на електорнското сандаче од причини што истото е функционално само во еден правец, односно само за испраќање, а не и за прием на поднесоци, а за што беше известен и Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Исто така, во изминатиот период преку спроведување и реализирање на јавни набавки за набавка на компјутерска опрема и печатарски уреди во судот

обезбедена е нова техничка опрема со што се овозможија норамли услови за работа што претставуваше проблем изминатите години.

Од голема важност е и да се напомени дека Во Управниот суд, на ден 28.02.2019 година, извршена е контрола од страна на надзорната комисија за увид во функционалноста на Автоматизираниот систем за управување со судските предмети (АКМИС), за 2017 и 2019 година. Од записникот од истата, произлегува дека комисијата констатира дека во Управниот суд нема никакви неправилности во поглед на рапределбата на предмети односно редовно се врши распределба на предметите по судии, дека не постои рачна распределба на предмети и дека рачна прераспределба на предмети се врши исклучиво по претходно донесена одлука од Претседателот на судот.

Во делот на судскиот web портал, во 2019 година се презмаа сите активности и се направија напори за паралелна внесување на податоците на порталот како на македонски така и на албански јазик на начин на кој Управниот суд почна и во иднина ќе го применува законот за употреба на јазиците.

### *7.4. Односи со јавност*

Во текот на 2019 година, секојдневно беа остварувани контакти со странките и сите други граѓани кои бараа информации во канцеларијата за односи со јавност на Управен суд, во смила на усна комуникација, како и комуникација преку двете e-mail адреси на Управен суд.

Исто така во текот на 2019 година, за предметите за кои постоеше поголем интерес за јавноста од страна на овластеното службено лице за односи со јавност, телефонски и преку e-mail адресите на Управен суд беа давани сите барани информации и одговори на поставените новинарски прашања, а во врска со ова по потреба беа објавувани и соопштенија за јавноста на официјалните web страни на Управниот суд.

Во текот на 2019 година, со Одлука Су.бр.0204-20/29 од 22.01.2019 година, а согласно член 7 став 1 од Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7 од 14.01.2019 година), Претседателот на судот, определи дека називот на институцијата, „Република Македонија, Управен суд, Скопје“, ќе се напише на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо (албански јазик) како и на англиски јазик, при што називите ќе бидат со иста големина и фонд, при што називот на македонски јазик и писмо ќе биде напишан прв. Воедно, називот на кацелариите, и тоа: „Претседател на суд“, „ Судски администратор“, „ Канцеларија за односи со јавност“, „Приемно одделение“ и „Судска полиција“, ќе се напишат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо (албански јазик) при што називот на македонски јазик и писмо ќе биде напишан прв.

Во текот на 2019 година, Управен суд, постапи по барање информации бр.03-918/2 од 03.06.2019 година доставено од Судски совет на Република Северна Македонија, а во врска со барање за правосилност на пресуди од страна на Царинската управа за вкупно 428 пресуди на Управен суд, при што е

одговорено за **390 пресуди со печат за правосилност** ( наведени во табеларниот приказ доставен од Царинска управа) и истите беа доставени Министерство за финансии- Царинска управа – Централна управа Скопје, додека за 38 пресуди, во моментот не можеше да се постапи, од причина што судските службеници не беа во можност да ги пронајдат физички предметите и по пронаоѓање на истите, дополнително ќе биде постапено по барањата за правосилност. Воедно, мора да се напомене дека доставеното барање за правосилност на 428 пресуди на Управен суд, во најголем дел се однесуваше за донесени одлуки од страна на Управниот суд во изминатите години (период од 2008 до 2016 година).

Воедно, во текот на 2019 година, Управниот суд до Работното тело за стандардизација на судските постапки при Врховниот суд на Република Северна Македонија, достави Информација со предлог во врска со жалби Су-03.бр.0302-258/19 од 08.07.2019 година, а која се однесува за наоѓање начин за надминување на ситуацијата во врска со предмети по кои се донесени одлуки од страна на Управен суд и по кои се изјавени жалби во текот на периодот од 2009 година до 2016 година, при што за дел од жалбите не е постапено до моментот на нивно пронаоѓање, за дел од жалбите погрешно е евидентирано во електронскиот систем АКМИС дека има изјавено жалба а фактички нема, како и дел од жалбите се постапени односно е донесена одлука по истите од страна на Виш управен суд меѓутоа одлуката не се прикажува во досието на предметот и уште неколку слични ситуации. Од тие причини, превземени се соодветни активности во однос на надминување на затекнатата ситуација, а за кое нешто е изготвен Извештај во врска со нерешени жалби. Како појдовен период е земен периодот од 07.11.2018 година и водејќи се од него, опфатени се периодите на превземените активности од страна на судот, во однос на надминување на состојбата со постапувањето по нерешените жалби. Имено, од наведеното произлегува дека заклучно со ден 07.11.2018 година, во Управен суд имало вкупно **5180** нерешени жалби, од кои во Виш управен суд се пратени на постапување и одлучување 2124 предмети по жалба, а недоставени се вкупно 3056 предмети по жалба.

За истиот период од 07.11.2018 година, направен беше пресек со состојба, и тоа:

- на ден 18.04.2019 година од каде произлегува дека се нерешени **3052** жалби, од кои во Виш управен суд се пратени на постапување и одлучување 1525 предмети по жалба, а недоставени се вкупно 1527 предмети по жалба.
- на 15.05.2019 година произлегува дека се нерешени 2819 жалби, од кои во Виш управен суд се пратени на постапување и одлучување 1460 предмети по жалба, а недоставени се вкупно 1359 предмети по жалба.
- на 29.06.2019 година произлегува дека се нерешени 2350 жалби од кои во Виш управен суд се пратени на постапување и одлучување 1226 предмети по жалба, а недоставени се вкупно 1124 предмети по жалба.
- Заклучно со ден 31.10.2019 година произлегува дека се нерешени 1692 жалби од кои во Виш управен суд се пратени на постапување и одлучување 1069 предмети по жалба, а недоставени се вкупно 623 предмети по жалба.
- Заклучно со ден 30.01.2020 година произлегува дека се нерешени 1224 жалби од кои во Виш управен суд се пратени на постапување и одлучување 733 предмети по жалба, а недоставеи се вкупно 491 предмет по жалба.

- Водено, на крајот од Извештајот дадена е состојбата на предмети по жалба каде од вкупната бројка на нерешени жалби (1224) е одземена бројката на жалби кои се решени, а истите во системот АКМИС се водат како нерешени (147), од каде произлегува дека фактичката бројка на нерешени жалби во Управен суд за наведениот период е **1077** предмети.

Во текот на 2019 година беа примени вкупно 39 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, при што позитивно е одговорено на сите 39 (триесет и девет) барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во 2019 година, а заклучно со 31.12.2019 година беа објавени 8006 одлука на web страната на Управниот суд.

### *7.5. Јавни набавки*

Во текот на 2019 година, беа спроведени сите јавни набавки кои беа предвидени со Годишниот план за јавни набавки Су.02.бр.0507-1/19 од 24.01.2019 година и Одлуките за измена на годишниот план за јавни набавки, односно беа спроведени **вкупно 14 јавни набавки**. Од вкупно спроведените постапки за доделување на договор за јавна набавка **9 постапки за јавна набавка се однесуваат на стоки:**

- Набавка за канцелариски материјали,
- Набавка на материјали за автоматска обработка на податоци,
- Набавка на печатени материјали,
- Набавка на средства за одржување на хигиена – помошни средства,
- Набавка на горива и масла за моторно возило,
- Набавка на возило
- Набавка на компјутери и прожектори
- Набавка на канцелариска опрема
- Набавка на опрема за греење и климатизација и друга опрема

**А 5 постапки се однесуваат на јавни набавки на услуги и тоа:**

- Набавка на услуга – реновирање со адаптација на зграда
- Набавка на услуга – надзор над изведба
- Набавка на услуга – одржување на хигиена
- Набавка на поштенски услуги
- Набавка на услуга – систематски преглед на вработени.

Постапката за набавка на ново возило е спроведена од причина што возилата кои Управниот суд ги поседува се стари повеќе од 20 години и истите се дотраени и за истите е во тек постапка за проценка на вредноста имајќи ја во предвид нивната старост и амортизација, по што ќе биде спроведена постапка за оттуѓување.

Постапка за набавка на компјутери и набавка на канцелариска опрема се спроведени од причина што во текот на 2019 година имаше избор на нови судии и нови вработувања, а имаше и недостиг на компјутери и канцелариска опрема,

па потребно беше да се изврши набавка на нови, со цел да се обезбедат услови за непречено извршување на работните обврски на ново избраните судии и судски службеници.

Постапката за набавка на услуга - реновирање и адаптација на зграда и постапката за набавка на услуга – надзор над изведба се спроведени со цел да се обезбеди изведувач кој ќе ги изведе градежно занаетичиските активности предвидени со проектот за внатрешна адаптација со реновирање и на објект – зграда на ул.Даме Груев бр.28, Скопје, доделена со Одлука на Владата на Република Македонија, бр.44-8928/1 од 25 септември, 2018 година и да се обезбеди фирма која ќе врши надзор над изведбата согласно Законот за градење. Иако на Судот му е доделен на трајно користење горенаведениот објект и иако Судот ги превзема сите потребни дејствија за обезбедување на изведувач и фирма која ќе врши надзор над изведбата, сепак до денес објектот не е предаден од страна на Министерството за транспорт и врски, чии служби сеуште ги користат просториите на објектот. Со вака настанатата состојба можно е да не дојде до реализација на договорите склучени со најповолните понудувачи во постапката за набавка на услуга - реновирање и адаптација на зграда и постапката за набавка на услуга – надзор над изведба.

Постапката за набавка на поштенски услуги е отпочната во 2019 година односно објавен е оглас на 31.12.2019 година и тече рок за поднесување на понуди. Постапката ќе биде спроведена и завршена во текот на месец јануари 2020 година. Оваа постапка се спроведува согласно насоките на Државниот завод за ревизија согласно кои јавна набавка за поштенски услуги треба да се спроведе за доставување на сите судски писмена и оние со тежина до 50 грама и оние со тежина над 50 грама.

Постапката за набавка на услугата - систематски преглед на вработени се спроведува на секои две години согласно Законот за безбедност и здравје при работа.

### *8. Оддел за судска пракса*

Одделот за судска пракса во Упраниот суд е формиран согласно член 66 став 1 и 2 од Судскиот деловник, согласно измената на Програмата за работа и на распоредот за работа на Управниот суд за 2018 година усвоени на седница на судии на 15.10.2018 година. Судската пракса во Управниот суд се обработува во посебен Оддел за судска пракса со кој раководи Претседател на судскиот оддел, а во Одделот членуваат сите претседатели на совети во Судот.

Одделот за судска пракса во Управниот суд кој започна со работа од 01.11.2018 година донесе и усвои План за следење на судската пракса на Управниот суд за 2019 година, со кој се определува начинот на работата, начинот на евидентирање и објавување на судската пракса од страна на судскиот оддел за следење на судската пракса, а целта и функцијата на Одделот за судска пракса е усогласување на работата на сите судски оддели во Управниот суд, како и извршување на задачите во врска со евиденцијата и проучувањето на судската практика. Воедно Одделот има за задача на експлицитен начин да ја презентира и укаже на користење на актуелната правна практика и заземените правни ставови и заклучоци по усогласените правни прашања и низ срочените сентенции

на Овој суд и на Вишиот управен суд (достапни на веб страна), и јасно да ја изразува логиката на донесените одлуки, кои едукативно делуваат на помладите судии и стручни соработници во Судот.

При обработката на судската пракса од страна на Одделот за судска пракса, се користат податоците од автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети, меѓутоа со цел поефикасно работење на Одделот за судска пракса, со оглед на обемноста и специфичноста на областите кои се предмет на работа во сите совети на Управниот суд, од страна на секој совет, доколку има, на седница на Одделот за судска пракса, се посочуваат правосилни одлуки кои се со одредена специфичност и од кои може да биде обработена сентенца за ставот на Судот по определено конкретно прашање, заради воедначување на судската пракса во хоризонтала односно во рамки на Управниот суд.

Во таа смисла Одделот за судска пракса на Управниот суд има изработено повеќе од триесет сентенци објавени на интерната веб страна на Судот, ги систематизира одлуките на Уставниот суд (со цел побрзо и на полесен начин запознавање со нивната содржина), има поднесено до Врховниот суд на Република Македонија неколку иницијативи за утврдување на начелен став и начелно правно мислење на Општа седница на судот, а до Вишиот управен суд се поднесени повеќе барања за произнесување за изразен став во донесени одлуки како и барање за произнесување за промена на веќе изразен став при донесување на одлука, се со цел да се надмине состојбата од донесување и опстојување во правниот промет на различни одлуки за една иста правна состојба, како од страна на Управниот суд така и од страна на Вишиот управен суд.

Одделот за судска пракса на Управниот суд по потреба коминицира и доставува одговори односно информации и до редовните судови, Врховниот суд на Република Северна Македонија, Јавното обвинителство, Судскиот совет на Република Северна Македонија и до Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Судот за човекови права во Стразбург за потребите на постапката од спроведување на донесените одлуки на Овој суд.

## 9. *Дополнителни статистички податоци, податоци од спроведени контроли во писарницата на Управен суд како и вонредно изготвени информации за состојбата во судот во текот на годината*

### *9.1. Архивирани предмети по уписник и по година на архивирање*

| Уписник | до 03.07.2017 | 03.07.2017-31.12.2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|
| Уписник за управни спорови - "**У**" | 1592 | 14 | 142 | 303 |
| Уписник за управни спорови од имотно-правна област, катастар и образование - "**У-1**" | 35 | 451 | 1486 | 1047 |
| Уписник за управни спорови од денационализација и други права - "**У-2**" | 7 | 584 | 2996 | 2728 |
| Уписник за управни спорови од урбанизам, градежништво и други права - "**У-3**" | 1450 | 427 | 1296 | 1107 |
| Уписник за управни спорови за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права - "**У-4**" | 57 | 515 | 2147 | 944 |
| Уписник за управни спорови од јавни набавки и други права - "**У-5**" | 34 | 320 | 3612 | 3450 |
| Уписник за управни спорови од царина и други права - "**У-6**" | 1116 | 39 | 329 | 819 |
| Уписник за разни прекршоци - "**УПР**" | 786 | 706 | 1380 | 1408 |
| Уписник за прекршоци од областа на царина - "**УПРЦ**" | 0 | 3 | 111 | 180 |
| Уписник за прекршоци од областа на даноци - "**УПРД**" | 0 | 118 | 218 | 58 |
| Уписник за прекршоци од областа на конкуренција - "**УПРК**" | 0 | 1 | 7 | 4 |
| Уписник за извршување на пресуда на Управниот суд - "**Уи**" | 45 | 8 | 68 | 82 |
| Уписник за разни управни предмети - "**УРП**" | 1303 | 30 | 226 | 328 |
| Уписник за заштита на основни права и слободи - "**УСПИ**" | 12 | 1 | 121 | 125 |
| **ВКУПНО** | **6437** | **3217** | **14139** | **12583** |

**Табела 15**

### *9.2. Состојба на предмети по жалба кои не се доставени до Виш управен суд*

По направена подетална анализа на предметите кои се во жалбена постапка а не се доставени до Вишиот управен суд, добиени се податоците

содржани во Табела 19. Наведените податоци за недоставени жалби до надлежен суд, се генерирани врз основа на податоците кои се содржани во АКМИС. Недоставените жалби се во фаза на детално утврдување бидејќи се детектирани неколку состојби кои е потребно да се отстранат, како на пример фиктивно заведени жалби, несоодветно внесени податоци за жалби по предметите и слично, односно утврдување на причините поради кои жалбите во систем сеуште не се разведени.

| Година на прием на жалба | Недоставени до ВИШ состојба 08.11.2018 | Недоставени до ВИШ состојба 01.03.2019 | Недоставени до ВИШ состојба 31.12.2019 |
|---|---|---|---|
| 2008 | 10 | 0 | 0 |
| 2009 | 14 | 1 | 1 |
| 2010 | 49 | 12 | 8 |
| 2011 | 77 | 37 | 16 |
| 2012 | 65 | 39 | 19 |
| 2013 | 38 | 27 | 20 |
| 2014 | 48 | 35 | 17 |
| 2015 | 90 | 70 | 25 |
| 2016 | 131 | 108 | 26 |
| 2017 | 885 | 665 | 195 |
| 2018 | 1644 | 1341 | 222 |
| 2019 | / | / | 1182 |
| **ВКУПНО** | **3047** | **2335** | **1731** |

**Табела 16**

### *9.3. Состојба на обжалени предмети и доставени жалби до надлежен суд*

Во периодот 2015-2019 година утврдено е дека во 2019 година приливот на доставени жалби до надлежен суд во однос на обжалени предмети во соодветната година е совладан за 40%, која состојба значително е зголемена во однос на изминатите три година а кое нешто е прикажано во Табела 20.

| Година | Обжалени предмети | Жалби доставени до ВУС | Совладан прилив |
|---|---|---|---|
| 2015 | 4349 | 4216 | -3,06% |
| 2016 | 3926 | 4105 | 4,56% |
| 2017 | 4166 | 4204 | 0,91% |
| 2018 | 3323 | 3760 | 13,15% |
| 2019 | 3066 | 4300 | 40% |

**Табела 17**

### *9.4. Време потребно за експедиција на пресуда на Управен суд по верификација*

Од причини што, во 2017 затекната е состојба на постари пресуди кои се не експедирани до странките во постапките, донесени се задолжителни дневни нормирани постапувања на службениците со судската писарница со цел совладување на заостатокот и поставување на континуитет во работата за секоја фаза од постапката по предметите. На тој начин просечното времето потребно за експедиција на пресуда по нејзина верификација се намали од 55 на 8 дена, земајќи ги во предвид и постапките неопходни по верификацијата до предавање на предметот за експедиција.

| | **Решени предмети во 2016 година** | **решени предмети во период 01.01.2017-30.06.2017** | **решени предмети во период 01.07.2017-31.12.2017** | **решени предмет и во 2017 година** | **решени предмет и во 2018 година** | **решени предмет и во 2019 година** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Просечно време потребно за експедиција на пресуда на Управен суд по нејзина верификација** | 55 дена | 57 дена | 19 дена | 40 дена | 12 дена | 8 дена |

**Табела 18**

Исто така потребно е да се потенцира, во 2019 година спроведена е постапка за уништување на предмети и во истата предмет на уништување биле 1943 предмети.

### *10. Присуство и вклученост во наставни трибини и настани на претседателот а судот*

Во текот на минатата година, Претедателот на Управен суд присуствуваше на бројни настани, наушни трибини, семинари како и работни груши за изготвување на закони и подзаконски акти поврзани со управното судство. Мешу поважните ги издвојуваме следните***:***

Претседателот на Управен суд, Бурим Сејдини, на ден 06.03.2019 година, потпиша Меморандум за соработка за користење на Системот за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари. Во 2019 година, во Кабинетот на Претседателот на судот,се оствари средба со претставниците на ОБСЕ, Шефот на Набљудувачката мисија за претседателски избори во Република Северна Македонија, Корин Јонкер и правниот аналитичар Ксенија Дашутина, на која беше дискутирано околу надлежноста на Управниот суд и неговото постапување и одлучување по изјавени тужби согласно Изборниот законик, а во врска со распишаните Претседателски избори за 2019 година и Предвремените избори за Градоначалник на Општина Охрид, Ново Село и Дебар , за 2019 година, како и

надлежностите и целите на Набљудувачката мисија за претседателските избори во Република Северна Македонија-ОБСЕ, Претседателски избори 2019 година.

На ден 03.04.2019 година, во Кабинетот на Претседателот на судот, Заменик претседателот на Управен суд Димитрула Апостоловска и судиите Дитурије Елези Незири, Есма Алибашиќ Јонуз, Валентина Конеска, Ана Герасимовска, Билјана Никодиновска Петровска, Даниела Антовска и Ељмедине Асани, оствариja средба со претставници-експерти од земји членки на Европска Унија (Холандија, Полска и Хрватска) и од Европската Комисија, во координација со Секретаријатот за европски прашања (СЕП), а во врска со Оценската мисија за ефикасноста на системот за јавни набавки во ранливите сектори и нивниот соодветен надзор. На Оценската мисија, меѓу останатото, беше дискутирано и во врска со резиме на случај – управен спор од областа на јавните набавки.

По повод 71-та годишнина од Универзалната декларација за правата и слободите на човекот и граѓанинот, Правниот факултет при ДУТ во соработка со Центарот за правда и човекови права и со Центарот за институционално разбирање и соработка, организираше научна трибина посветена на правата на човекот. Претседателот, Бурим Сејдини, со задоволство заедно со присутните колеги меѓу кои, претседателот на Уставниот Суд на РСМ, Г-дин Сали Мурати, заменик претседателот на Судскиот Совет на РСМ, Г-дин Миљазим Мустафа и доц. д-р. Фисники Бектеши, ги образложивме нашите сфаќања по однос на правата и слободите на човекот и граѓаниниот.

Во просториите на Управниот Суд на ден 19.12.2019 год., се реализираше работна средба помеѓу Претседателот на Управниот Суд г-дин Бурим Сејдини и Директорот на Агенцијата за примена на јазиците г-дин Илбер Села . На средбата, од страна на претставниците на Агенцијата беше изложена потребата и начинот на примена на законот за употреба на јазиците како и анализа на досегашната институционална практика по однос на неговото доследно применување. Претседателот Сејдини изразувајќи го своето задоволство од средбата со директорот Села, ја поздрави готовноста на Агенцијата во поглед на поддршката што ја дава кон институциите во делот на имплементација на законот. Особен акцент беше ставен на досегашните напори кои Управниот Суд ги има преземено а кои пред се се состојат во примена на двојазичноста на официјалната веб страна на Судот, институционалните табли како и печатите и останатите службени документи. Претседателот Сејдини отворено ја нагласи потребата од зајакнување на капацитетите во рамки на Управниот Суд за обезбедување на професионални лектори и преведувачи како клучни носители на примена на процесот, како и потребата за интензивирање на меѓуинституционалната соработка во насока на промовирање, зачувување и зајакнување на правото на граѓаните за користење на службени јазици во Република Северна Македонија.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУД**
**Burim Sejdini**